**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-392
09. 02. 2007 год.
СКОПЈЕ

# Извештај за работата на Комората на извршители на РМ во 2006 година

1. Извештај за финансиското работење и финансиската состојба на Комората.
 - податоци
2. Преглед на активности од извршителите за 2006 година.
3. Финансиски план на Комората на извршители на РМ за 2007 година.
 - од чланарина очекуван прилив од 3.000 денари од 41 извршител, за секој месец;
 - од новопримените членови се очекува нов прилив на пари.
4. Активности на Комората на извршители во 2006 година.
 - со УСАИД е потпишан Меморандум за разбирање и соработка во септември 2006 год., и ќе остане во важност се до 30 септември 2007, освен ако не се продолжи со договор меѓу страните.
 - ги опреми канцелариите на Комората со основен канцалариски матерјал и опрема, набавена преку тендер; и
 - помогна на Комората за набавка и приспособување на софтверска апликација која ќе се користи од сите извршители при управување со нивните административни и други одговорности, според ЗИ.
 - Учество на представници од Комората во работната група која ќе пристапи кон измени на ЗИ. По барање од Министерството за правда се определени претставниците од Комората, и е испратен допис до Министерството.
 - Учество на УО во проширен состав во изработка на мислење по работната верзија на Законот за постапката заради обезбедување на побарувања, и нејзино доставување до Министерството за правда.
 - учество на извршители на повеќе работни трибини.
 Во врска со кампањата за промоција на Законот за извршување, се одржаа повеќе работни трибини низ повеќе градови во Македонија ( Куманово, Велес, Тетово, Битола). На нив учествуваа извршители на РМ, видни стопанственици, и видни представници на државни органи од Републикава.
5. Едукација на извршители во 2006 година
 - одржана е средба во Охрид каде излагање на свои трудови имаа двајца извршители: Гордан Станковиќ извршител од Скопје кој говореше на тема “Извршување на удели”,и Јулита Ѓорѓиева извршител од Скопје која говореше на тема “Разграничување на надлежности за присилно извршување на нотарите и извршителите” и “Разлики во постапувањето при реализација на заложно право”.
 - одржан е семинар во Струмица (донесени се заклучоци по одредени теми)

6. Едукација на извршители за 2007 година.
- планот и програмата за едукација ќе се изработи по одржување на редовното Собрание на Комората и тоа во рок од еден месец, а ќе го изработат УО и Комисијата за едукација на извршители.
7. Извршителот како ДДВ обврзник
- За ДДВ обврзник во УЈП извршиле пријава 5 извршители;
- до Министерството за финансии на 10.01.2007 година беше испратено писмо, со барање за давање на мислење дали извршителите се даночни обврзници. Одговор добивме од Министерството за финансии – УЈП на ден 02.02.2007 година, во кое се вели дека извршителите се даночни обврзници кои вршат промет на услуги во смисла на член 6 став 1 од ЗДДВ, кој промет подлежи на оданочување со данокот на додадена вредност.
8. Приговори
- поднесени се 44 приговори против извршители;
- испратени се 36 известувања до извршителите, за поднесен(ни) приговор(и), и барање од извршителите да се произнесат во врска со тој(тие) приговор(и).
- до сите Претседатели на Основни судови во Република Македонија се поднесени барања да предложат судии кои од страна на Собранието на Комората би биле избрани за членови на Дисциплинската комисија, или за нивни заменици.
- доставени се предлози од 16 Основни судови на Република Македонија, за членови на Дисциплинската комисија.
9. Комисии и работни тела
- општа констатација за работата на Комисиите и работните тела, и покрај дадени напатствија, е дека недостига активност.
- сите Комисии и работни тела, треба на писмено да достават до Комората извештаи за досегашната своја работа, како и да изработат предлог програма со план за понатамошни активности.
10. Меѓународна активност
- учество на семинари и конференции
- воспоставени се контакти со Меѓународната асоцијација на извршители чие седиште е Париз и со помош на USAID веќе е аплицирано и се лобира, Македонската Комора на извршители да стане членка на оваа асоцијација. Резултатот од аплицирањето ќе биде познат на 10 мај, кога ќе се одлучува за нови членки на оваа Меѓународна асоцијација. Наше прво меѓународно претставување како поканети гости (сега како посматрачи) од оваа Меѓународната асоцијација на извршители ќе биде Конференцијата што ќе се одржи во Загреб на 8 и 9 март. На оваа Конференцијата се предвидува учество на Претседателот на Комората – Горан Тошевски, и на Претседателот на Комисијата за меѓународна соработка-извршителот Снежана Камчева од Неготино.
- по аплицирањето е побарано, и потребно е, Комората:
1. Да го преведе Статутот на англиски јазик;
2. Определи свој делегат кој ќе ја претставува Комората на извршители на РМ, со активно знаење на англискиот јазик (како својот мајчин јазик –кој за тоа ќе достави писмен доказ);
3. Потреба од Лого на Комората (кое мора да стои на меѓународни апликации и документи кои ги испраќа Комората)
- меѓународни средби на извршители ќе се одржат, односно се предвидуваат во мај месец во Букурешт, па Америка и Африка. Комората на извршители треба да земе учество на овие меѓународни средби и да изработи добри програми за наше презентирање.

11. Соработка со државни органи и институции
- ваквата соработка до сега задоволува, освен со Министерството за внатрешни работи со кое сеуште не сме воспоставиле добра соработка.
12. Соработка со другите јавни институции
- постои добра соработка со Адвокатската Комора на РМ и Нотарската Комора на РМ и постои потреба од продлабочување на оваа меѓусебната соработка со овие две Комори, како и со Академијата за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици на РМ.
13. Определување на заменици и помошници на извршителите
14. План за натамошни активности што ќе ги преземе Комората
- досегашната работа на Комората може да се оцени како успешна, односно 90% од Законско предвидените активности се остварени, но поради објективни причини ( опремувањето на Комората со канцелариски намештај) доцнат донесувањето на:
1. Кодекс за професионално однесување на извршителите;
2. Таблата со натпис на Комората ( која е во изработка);
3. Именикот на извршители, заменици на извршители и помошниците на извршителите ( кои се во изработка); и
4. Логото на Комората.
- заради потреба од техничко доопременување на кацалариите на Комората во план е и набавка Мулти – систем апарат кој во себе има 4 опции- фотокопир, факс, скенер, и принтер, и еден мобилен телефон за потребите на Претседателот на Комората.

Скопје, 09.02.2007 год.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател,

Горан Тошевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com
e-mail: komora.na.izvrsiteli@mt.net.mk
ул. "Максим Горки" бр.8-6
Скопје
Тел. 3 239 877